Архивски број: 08-665/14
Датум: 14.10.2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-665/1 од 17.8.2026 година, поднесена од --------- од Скопје, за заштита од дискриминација врз основа на пол, род, возраст и семејна или брачна состојба, во областа на јавно информирање и медиуми и други области определени со закон – социјални мрежи, против ---------- од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020), го донесе следното:

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз интерсекциски основ, и тоа: пол, род, возраст и семејна или брачка состојба во областа на јавно информирање и медиуми и други области определени со закон – социјални мрежи од страна на ---------- врз----------.

О б р а з л о ж е н и е

На 17.8.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на ---------- против ----------.

Во претставката се наведува дека на 25.07.2026 година подносителката забележала содржини и коментари на Facebook страницата „-----“ кои ги оценила како мизогини, сексистички и родово засновани. Откако реагирала на содржините, кон неа биле упатени персонализирани коментари со кои се проблематизираат нејзината возраст, фактот дека нема деца, нејзината репродуктивна способност и нејзиниот партнерски статус. Меѓу спорните пораки, според приложените screenshots, се издвојуваат формулациите: *„Роди више еднаш и од прва научи што е дете. Не у менопауза да кажуеш за деца згрижување. И фати си дечко, (ако не е отидена таа шанса)“* и *„Сега европскиот Парламент нек ти прави деца“*. Дополнително, под објава за жена на возраст од 61 година и нејзиниот 71-годишен сопруг кои станале родители, подносителката била тагирана по име и презиме. Подносителката навела дека по серијата коментари се чувствувала вознемирено и понижено, поради што побарала медицинска помош. Кон претставката приложила упат и медицинска документација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по претставката до ----------.

Во своето произнесување ---------- ги оспорува наводите за дискриминација и наведува дека страницата „-----“ нема прекршувања на правилата на Facebook, дека станува збор за отворена страница и дека корисниците можат да ја блокираат содржината што не им се допаѓа. Тој наведува и дека страницата има четири администратори и дека подносителката не може да знае кој од администраторите ги напишал сите коментари. Истовремено, неспорно потврдува дека е еден од администраторите на страницата.

По разгледување на претставката, приложените докази, screenshots од комуникацијата на социјалната мрежа Facebook, дополнително доставените докази за статусот на Facebook страницата „-----“, како и произнесувањето на ----------, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го утврди следното:

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најпрво го ценеше контекстот и содржината на објавите и коментарите во нивната целина и во контекст на преотходната комуникација. При тоа предвид ја зема медицинската документација како доказ за последиците што овие пораки ги предизвикале, без да навлегува во медицинска оценка или да ја условува правната квалификација на вознемирувањето со постоење здравствена последица. Во однос на тврдењата на посочениот дискриминатор, Комисијата не го прифати како релевантен аргументот дека непостоењето на ограничувања или санкции од социјалната мрежа докажува дека содржината не е дискриминаторска. Правилата и автоматизираните механизми на приватна платформа не го заменуваат законскиот тест од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Оттука, оценката на Комисијата се врши самостојно, врз основа на содржината, контекстот, заштитетната карактеристика и последицата врз достоинството. Комисијата го ценеше и фактот што произнесувањето не се ограничува на негирање на авторството на одделни коментари, туку повторно навлегува во личниот и репродуктивниот статус на подносителката. Во произнесувањето се наведува дека „жена што нема дете може да биде во два случаи – по избор или поради биолошки пречки“, се коментира нејзиниот социјален живот и се употребуваат квалификации за „фиксации и фобии“. Ваквите формулации, иако дадени во рамки на постапката, се релевантни за оценката на контекстот и покажуваат дека немањето деца и личните животни околности на подносителката биле третирани како оправдана основа за персонализирано вреднување. Во однос на наводот дека страницата има повеќе администратори, Комисијата имаше предвид дека спорните коментари се објавени од Facebook страницата „-----“, а ---------- неспорно потврдува дека е дел од нејзиниот администраторски тим. Во постапката не се доставени конкретни податоци со кои би се идентификувал друг администратор како автор на спорните пораки, ниту доказ со кој би се отстранила веројатноста дека спорната комуникација е преземена во рамките на администрирањето на страницата во кое учествува лицето против кое е поднесена претставката.

При оценка дали ваквото изразување претставува дискриминаторско вознемирување, од суштинско значење не е само дали употребениот говор е груб, провокативен или навредлив. **Клучно е** дали несаканото постапување е **поврзано со заштитена лична карактеристика** и дали има за цел или последица **повреда на достоинството** или создавање застрашувачка, непријателска, понижувачка или навредлива средина.

Во конкретниот случај постои **јасна и непосредна врска** меѓу спорните коментари и заштитените основи. Коментарите не се однесуваат само на ставовите или аргументите на подносителката, туку ја пренасочуваат комуникацијата кон неа како жена: кон нејзината возраст, немањето деца, можноста да роди, менопаузата и тоа дали има партнер. Токму овие елементи го издвојуваат случајот од обична навреда или остра расправа на социјална мрежа. Особено е значајно што **женската вредност и општествена улога** во спорните пораки се поврзуваат со **мајчинството и партнерскиот статус**. Пораките дека жена треба да „роди", дека поради возраста „ѝ поминала шансата", дека не треба да зборува за грижа за деца ако самата нема деца, како и поврзувањето со менопаузата, се засноваат на родови и возрасни стереотипи за тоа каков треба да биде животниот пат на една жена. На тој начин критиката престанува да биде насочена кон изнесен став и се пренесува кон личноста преку нејзините заштитени карактеристики.

Комисијата особено нагласува дека **одлуката дали една жена ќе има деца, кога ќе има деца и колку деца ќе има е дел од нејзината лична и репродуктивна автономија, односно нејзин личен избор**. Членот 16 од Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) го гарантира еднаквото право на жените и мажите слободно и одговорно да одлучуваат за бројот и временскиот распоред на своите деца. Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените, во Општата препорака бр. 21, дополнително нагласува дека одлуката да се имаат или да не се имаат деца не смее да биде ограничена од сопружник, партнер, родител или државата. Оттука, **јавното омаловажување на жена затоа што нема родено деца, сугерирањето дека „треба да роди" или дека поради возраста ја пропуштила „шансата" за мајчинство не претставува само лична навреда, туку зафаќа во сферата на репродуктивниот избор и ја претвора автономната животна одлука на жената во основа за нејзино деградирање.** Ваквите пораки го зајакнуваат стереотипот дека женската вредност е условена со исполнување на репродуктивната и семејната улога, што е спротивно на принципите на родова еднаквост, достоинство и автономија. Не треба да се занемари и фактот дека некои жени се оневозможени да ја остварат својата репродуктивна функција и коментари со ваква содржина предизвикуваат дополнителна душевна болка на сите кои можеби имаат желба, а не се во можност.

Јавниот карактер на комуникацијата е дополнително релевантен. Спорните пораки се објавени на социјална мрежа, во простор кој овозможува нивно **лесно и брзо ширење**, коментирање и репродуцирање пред неодреден број лица. Јавноста на пораките го зголемува нивниот понижувачки ефект, особено кога се однесуваат на интимни и лични аспекти како репродуктивниот и семејниот статус.

Комисијата ја имаше предвид и **слободата на изразување**. Таа ги штити и ставовите што навредуваат, шокираат или вознемируваат, особено во јавна дебата. Сепак, **слободата на изразување не ја исклучува примената на антидискриминациската заштита** кога изразувањето преминува од критика на идеи и ставови кон персонализирано понижување на лице преку неговиот пол, род, возраст или семејна состојба. При оваа оцена Комисијата го има предвид стандардот на Европскиот суд за човекови права според кој **слободата на изразување**, согласно член 10 од Европската конвенција за човекови права, ги опфаќа и информациите и идеите што навредуваат, шокираат или вознемируваат. Сепак, оваа слобода **не е апсолутна**. При оценувањето на границите на дозволеното изразување мора да се земат предвид содржината, контекстот, целната група, начинот и опфатот на ширење и последиците по достоинството и правата на другите. Оттука, заштитата на острата и провокативна дебата **не може автоматски да се прошири и на персонализирано деградирање на жена** преку нејзиниот пол, возраста, репродуктивниот статус и семејната улога. (Handyside v. the United Kingdom, 7 December 1976, §49) Особено релевантен е предметот Carvalho Pinto de Sousa Morais v. Portugal, бр. 17484/15, пресуда од 25.07.2017 година. Европскиот суд утврдил повреда на член 14 во врска со член 8 и нагласил дека претпоставката оти сексуалноста и личното исполнување се помалку значајни за жена на 50-годишна возраст и мајка на две деца одразува **традиционална претстава за женската сексуалност** како суштински врзана за раѓањето деца. Судот ваквото резонирање го оцени како засновано на **предрасуди и родови стереотипи**. Овој стандард е **непосредно релевантен** и за конкретниот предмет, затоа што спорните пораки ја поврзуваат вредноста и достоинството на подносителката токму со тоа дали родила, дали може да роди, нејзината возраст и дали има партнер. (Carvalho Pinto de Sousa Morais v. Portugal, §§52-55). Комисијата го зема предвид и **поширокиот домашен општествен контекст**. Во Основниот извештај за Северна Македонија од 2023 година, GREVIO констатира дека **традиционалните уверувања претставуваат сериозен предизвик** за остварувањето на родовата еднаквост, вклучително и ставови според кои жените се подредени на мажите, и повикува на промена на социјалните и културните обрасци што ги одржуваат штетните традиционални верувања и родови стереотипи. Во таков контекст, јавното повторување на пораки дека вредноста на една жена зависи од мајчинството, репродуктивната способност, партнерскиот статус или возраста не е неутрално индивидуално изразување, туку може **да ги зајакне веќе постојните структурни родови стереотипи** и да придонесе кон поширока понижувачка и непријателска средина за жените. (GREVIO, Baseline Evaluation Report on North Macedonia, 2023, paras. 3 и 100-102).

Имајќи ги предвид содржината и контекстот на спорните коментари, нивната персонализирана и повторлива природа, непосредната поврзаност со полот, родот, возраста и семејната состојба на подносителката, како и јавниот карактер на комуникацијата, Комисијата оцени дека во конкретниот случај се исполнети елементите на вознемирување како форма на дискриминација во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **вознемирувањето претставува несакано постапување** кон лице или група лица врз дискриминаторска основа кое има за цел или последица повреда на достоинството или создавање застрашувачка, непријателска, понижувачка или навредлива средина. За утврдување вознемирување не е неопходно да постои класичен компаратор, ниту да биде докажано дека на лицето му било одземено конкретно право, услуга или можност. Суштината на оваа форма на дискриминација е во повредата на достоинството преку несакано постапување поврзано со заштитена карактеристика.

Во однос на заштитените карактеристики, Комисијата оцени дека во случајот станува збор за **интерсекциски поврзани дискриминаторски основи**, имајќи предвид дека токму пресекот на полот, родот, возраста и семејната или брачна состојба создале специфична форма на деградирање. Навредливите и деградирачки содржини не се однесуваат единствено на фактот дека подносителката е жена, ниту единствено на нејзината возраст, туку нејзината вредност како жена се доведува во прашање поради тоа што, и покрај нејзината возраст, нема родено деца и нема оформено семејство. На тој начин, полот, родот, возраста и семејниот статус не се појавуваат како меѓусебно независни околности, туку се преплетуваат во создавањето на конкретната деградирачка порака. Со оглед дека токму комбинацијата на наведените лични својства ја определува содржината и интензитетот на деградирачкиот говор, случајот има карактеристики на интерсекциска дискриминација, бидејќи дискриминаторското постапување произлегува од заемното дејство на повеќе основи, а не од нивното едноставно кумулирање. Оттука се работи за дискриминаторски основи кои меѓусебно се засилуваат и во контекстот создаваат **специфичен родов стереотип** за вредноста на повозрасна жена која, од различни причини или личен избор, не ја остварила репродуктивната улога и не оформила семејство.

Потешки облици на дискриминација согласно член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се повеќекратна дискриминација, **интерсекциска дискриминација**, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ----------, во рамките на своите администраторски овластувања на Facebook страницата „-----“, да ги отстрани спорните коментари и содржини насочени кон ----------, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА---------- јавно да ѝ се извини на ---------- за понижувачките и деградирачки пораки поврзани со нејзината возраст, немањето деца,

репродуктивната улога и партнерскиот статус, на истата Facebook страница преку која биле објавени спорните содржини, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---------- во иднина да се воздржува од објавување, одобрување или оставање содржини во рамки на страницата што ја администрира, со кои се врши вознемирување кон лице или група врз било која дискриминаторска основа.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---------- со адреса на ул.----------, ----------
- ----------со адреса на ул----------, ----------